Предлагачи:Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ЗЕМЈИШТЕ,

ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, ноември 2024 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP

| Примено: E pranuar: | 06. 11. 2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 5328/1 | | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување на Законот за земјоделското земјиште, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Бојан Стојаноски
Дафина Стојаноска
Љупчо Пренџов
Ели Панова
Драган Ковачки
Бране Петрушевски

## В О В Е Д

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДАТ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Причина за донесување на овој закон е заради обезбедување на преоден период за примена на одредени одредби од Законот за земјоделско земјиште.

## II.ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Решенијата содржани во Предлог на Законот за земјоделско земјиште по скратена постапка се однесуваат на дефинирање на преоден период до отпочнување на примена на претходното изменување и дополнување на законот, со што ќе се обезбеди непречена реализација на програмите за урбанизација и проектите на единиците на локална самоуправа и Владата на Република Северна Македонија.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Законот чие донесување се предлага не повлекува обврска за обезбедување дополнителни средства за неговото спроведување.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Законот не повлекува обврска за обезбедување дополнителни финансиски средства.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија се предлага Собранието да го разгледа Предлог на законот да се разгледа по скратена постапка од причина што не е во прашање обемен и сложен закон.

Предлог на  закон за изменување  на Законот за земјоделското земјиште

Член 1

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 218/24), членот 11 точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „а одредбите од ставовите 6, 7 и 13 од членот 6 со кој се менува членот 49 од овој закон ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2026 година.“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија.“

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ЗЕМЈИШТЕ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ:

Предлог на законот содржи 2 члена.

Членот 1 кој се однесува на членот 11 од Законот за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 218/24), каде на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „а одредбите од ставовите 6, 7 и 13 од членот 6 со кој се менува членот 49 од овој закон ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2026 година.“.

Членот 2 кој го уредува стапувањето на сила на законот со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија.“

Со предложената измена на законот и овозможување преоден период, се создаваат услови за реализација на донесените програми за урбанизација и проектите на единиците на локална самоуправа и Владата на Република Северна Македонија, и во крајна линија се обезбедува владеење на правото, како една од темелните вредности на уставниот поредок.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој закон се меѓусебно поврзани.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Предложените измени и дополнувања нема да предизвикаат дополнителни последици.

ИЗВОД НА ОДРЕДБИ
ОД ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ЗЕМЈИШТЕ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ

Законот за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 218/24)

Член 11

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.